ПРОЕКТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ

WOMEN'S LEGAL PROTECTION PROJECT

# НАОДИ

## ОД СПРОВЕДЕНОТО СУДСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

# НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНОТО СУДСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

**Издавач**
Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените - ЕСЕ

Ул. Максим Горки бр. 20/1-4, Скопје
Тел: 02 3298 295; 3298 296
Факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

**За издавачот**
Јасминка Фришчиќ

**Автори**
Марија Гелевска
Стојан Мишев

**Лектор**
Катица Трајкова

Скопје, ноември 2017

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за правна заштита на жените

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Овој документ е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД). Содржината е одговорност на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на САД.

# ВОВЕД

Здружението ЕСЕ во 2013 година започна со примена на судското набљудување, како дел од стратешките определби на организацијата, во насока на подобрување на пристапот до правда за жени што претрпеле насилство. Придобивките од примената на процесот на судско набљудување, како алатка за дијагностицирање на слабостите во судскиот систем, се повеќекратни. Имено, преку спроведување на судското набљудување на предмети за насилство врз жени, Здружение ЕСЕ го промовира правото на пристап до правда и правна заштита на жените што претрпеле насилство и воедно придонесува кон зголемување на степенот на сензитивност, транспарентност и правичност во постапувањето во предметите од ваков вид. Процесот на судско набљудување, покрај собирањето на податоци, опфаќа и воспоставување на поблиска соработка и комуникација со основните судови, јакнење на нивните капацитети, како и директно консултирање и зајакнување на жените што претрпеле насилство.

Имајќи ги предвид стратешките определби на Здружението, а со цел да се надградат започнатите активности на ова поле во рамките на Проектот на УСАИД за правна заштита на жените во периодот од 2015 до 2017 година, организиравме сеопфатно судско набљудување на предмети за насилство врз жени, односно граѓански и кривични предмети поврзани со семејно насилство, трговија со жени и насилство врз сексуални работнички. Значајно е да се напомене дека спроведувањето на тематското судско набљудување за насилство врз жените претставува дел од поширокие напори кои во рамките на овој проект беа преземени со цел да се унапреди системот за правна заштита на жените што претрпеле насилство.

Во рамките на оваа иницијатива беше воспоставена блиска соработка со основните судови и беше организирана обука за судиите со цел да се зајакне примената на националната законска рамка, како и на постојните меѓународни и регионални стандарди на полето на заштита на жените што претрпеле насилство. Наодите од анализата беа редовно дискутирани на форумите со судиите, кои активно се вклучија во дефинирањето на препораките за подобрување на одделни аспекти од постапувањето во предметите поврзани со насилство врз жените [1].

Во рамките на овој проект беа преземени и напори за зајакнување на жените што претрпеле насилство и нивно охрабрување да иницираат судска постапка за нивна заштита. Со нивно директно вклучување беа подготвени водичи за жените што претрпеле семејно насилство, за жените жртви на трговија и за сексуалните работнички жртви на насилство. Преку водичите се промовираат судските постапки за заштита од насилство, кои ќе придонесат за зголемување на информираноста на жените што претрпеле насилство.

Паралелно со спроведувањето на процесот на судско набљудување беше подготвена и Анализа на законската рамка и институционалниот одговор кон насилството врз жените во однос на постапувањето на сите институции вклучени во системот на заштита. На ваков начин е направен баланс помеѓу набљудувањето на судските предмети

[1] На последниот национален форум покрај судиите присуствуваа и претставници од другите министерства и институции, како што се центрите за социјална работа и Министерството за правда.

и набљудувањето на системот на правда во целина. Со ваквиот комбиниран пристап податоците од судското набљудување може да се гледаат во поширок контекст или пак да се користат и да се анализираат кумулативно со утврдените слабости на правниот систем за заштита на жени што претрпеле насилство.

Наодите од судското набљудување претставуваат објективни показатели кои можат да бидат искористени и како основа за спроведување на едукација на судиите во однос на практичната примена на меѓународните стандарди на ова поле во насока на подобрување на ефективна судска заштита во предметите за насилство врз жените [2]. Исто така, добиените наоди од судското набљудување ќе придонесат кон подигање на свесноста на јавноста за насилството врз жените, односно подигање на степенот на општествена поддршка за жените што претрпеле насилство.

Земајќи го предвид потенцијалот за промени на ваквиот пристап, во претстојниот период Здружение ЕСЕ ќе продолжи со негова примена во основните судови, со тенденција да прерасне во постојан процес на следење на утврдените квалитативни и квантитативни индикатори за пристап до правда и ефикасна судска заштита за жените што претрпеле различни форми на насилство.

Подготвениот извештај и добиените првични податоци за формалните и процесните аспекти од судските постапки за насилство врз жените ќе преставуваат основа за спроведување на понатамошен континуиран процес на следење на судски предмети од овој вид, како и подготовка на продлабочени анализи што ќе имаат за цел да придонесат кон суштински реформи во правосудството во поглед на третманот и заштитата што ја добиваат жените што претрпеле насилство.

Пристапот што го промовира Здружение ЕСЕ не завршува со објавувањето на извештајот со главните наоди од судското набљудување, туку оди и чекор понатаму со преземање на активности за застапување со цел да се надминат утврдените слабости во обезбедувањето на правна заштита за жените што претрпеле насилство.

[2] Судско набљудување, Прирачник за практичари, 2012, достапен на: http://www.osce.org/odihr/94216

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СУДСКО НАБЉУДУВАЊЕ

Спроведувањето на судското набљудување имаше за цел:

- да обезбеди податоци за начинот на постапување на судиите и подготовка на проценката на обезбедената судска заштита за жените што претрпеле насилство;

- да се подобри постапувањето на судиите во предметите поврзани со насилство врз жените.

За реализирањето на овие цели, процесот на судско набљудување беше спроведен со вклучување и соработка на основните судови во сите фази од процесот, почнувајќи од подготвителните активности, па сè до дискутирањето на наодите од набљудувањето и дефинирање на препораките за подобрување на одделни аспекти од постапувањето на судиите.

Пред да започне процесот на судско набљудување беше направена прелиминарна проценка на состојбите. Во оваа насока, од страна на судовите беа обезбедени базични податоци за предметите поврзани со насилство врз жените за периодот од 2012 до 2014 година.

Сите методолошки инструменти (прашалници) за собирање на податоците беа подготвени во партиципативен процес со вклучување на претставници од граѓанските организации, судии, јавен обвинител, адвокати, како и жените што претрпеле разни форми на насилство. По организирањето на серија работни средби и консултации беа подготвени следните методолошки алатки: Прашалник за податоци за кривични предмети поврзани со семејно насилство; Прашалник за податоци за граѓански предмети поврзани со семејно насилство; Прашалник за податоци за кривични предмети поврзани со трговија со луѓе; Прашалник за прекршочни постапки поврзани со насилство врз жени; Прашалник за судски постапки за надомест на штета. Непостоењето на техничка можност за пребарување на судската евиденција во однос на предметите за насилство врз жените, за кои се воделе прекршочни постапки и постапки за надомест на штета, претставуваше бариера за нивно набљудување и оттука овие податоци не се дел од овој извештај.

Во набљудувањето на кривичните предмети за семејно насилство беа опфатени следниве кривични дела: телесна повреда, тешка телесна повреда, противправно лишување од слобода, загрозување на сигурноста и убиство, а пак во набљудувањето на предметите за трговија беа опфатени делата: трговија со луѓе и трговија со дете. Покрај кривичната постапка, предмет на набљудување беше и граѓанската судска постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.

За потребите на судското набљудување и за обезбедување на судски набљудувачи, Здружение ЕСЕ ја ангажираше Коалицијата Сите за правично судење. Врз основа на јавен конкурс беа избрани 30 млади правници како судски набљудувачи. За јакнење на нивните капацитети во однос на предметот на набљудување беше организирана дводневна обука, со фокус на природата и карактеристиките на одделни форми на насилство врз жените, како и на законските механизми и судски можности за нивна заштита. Набљудувачите во детали

беа запознати со содржината на прашалниците за судско набљудување, како и со начинот на евидентирање на потребните податоци.

Процесот на судско набљудување се спроведе во периодот од март 2015 до февруари 2017 година во рамките на 10 основни судови во државата: Скопје 1, Скопје 2, Битола, Штип, Велес, Радовиш, Тетово, Гостивар, Прилеп и Куманово. Преку судско набљудување беа собрани податоци за 344 предмети и 780 судски рочишта. Врз основа на добиената информација за закажани рочишта од основните судови, судските набљудувачи присуствуваа на судските рочишта и ги пополнуваа податоците во соодветните прашалници. За дел од рочиштата за кои немаше можност тековно да се следат (234), податоците беа обезбедени преку увид во завршени судски постапки. По собирањето податоците беа внесени во компјутерска база на податоци и беа технички обработени.

## *Ограничувања на судското набљудување*

При спроведување на процесот на судско набљудување беа утврдени одредени ограничувања, како во однос на процесот на прибирање на податоците за закажани судски рочишта, така и во однос на опфатот на податоци што можат да ги приберат набљудувачите. Имено, првото ограничување се должи на неможноста да се добијат навремени информации од судот за закажани судски рочишта, кои се однесуваат на граѓанските постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Закажувањето и одржувањето на рочиштата за овие граѓански постапки се одвива во мошне итни рокови, па оттука најчесто од објективни причини (немање на лице портпарол во судот, неможност да се контактира со набљудувачите за време на викенд или празник, неможност да се обезбеди итна замена на набљудувач што е спречен да присуствува и сл.) не постои можност набљудувачите да бидат известени навремено и соодветно на тоа да бидат присутни на закажаното рочиште. Токму поради ваквата состојба дел од граѓанските предмети за изрекување на привремени мерки за заштита не беа тековно следени, туку беше користен метод на правење на увид во завршени предмети. Оттука се наметна и потребата во иднина да се прецизира начинот на комуникација помеѓу судот и набљудувачот за да се обезбеди непосреден, брз и ефикасен пренос на информациите за закажаните рочишта.

Освен тоа, дел од ограничувањата се однесуваат и на неможноста на набљудувачот, најчесто од објективни причини (исклучување на јавноста, нетранспарентност на судот, започнување на набљудувањето на веќе започнат предмет итн.), да ги прибере сите потребни податоци од прашалникот. Имено, не секогаш судот е во можност или е согласен да му ги даде сите потребни податоци на набљудувачот, доколку неговото набљудувањето не започнало од првото рочиште, туку на некое од последователните рочишта.

Иако пополнувањето на прашалникот содржеше и давање на субјективно мислење на набљудувачот преку краток наративен осврт на случајот, сепак поголем број набљудувачи не го дадоа својот став, како резултат на повеќе причини (непостоење на формиран став, несигурност во давањето на оценка, немање можност да се формира одреден став, доколку набљудувачот не присуствувал на сите рочишта). Имајќи ги предвид овие факти, се утврди дека е потребно да се направи посеопфатна едукација и сензибилизирање на набљудувачите што следат предмети за насилство врз жени. Освен тоа, постои и можност од структурирање на можните одговори при давањето на субјективна забелешка од страна на набљудувачот.

# НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНОТО СУДСКО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

Процесот на судско набљудување опфати 780 судски рочишта, од нив 744 судски рочишта се поврзани со семејно насилство и 36 рочишта се однесуваат на трговија со жени. Во текот на спроведеното судско набљудување во вклучените судови не беше идентификуван предмет за насилство врз сексуални работнички и од овие причини подготвеноt извештај не содржи податоци за овој тип на предмети.




*Графикон бр. 1: Број на рочишта за насилство врз жени според видот на насилство*

**Наодите од спроведеното судско набљудување се поделени во две тематски целини, соодветно на видовите на насилство. Според тоа, овој извештај завршува со заклучоци и препораки за секое од овие одделни видови на насилство.**

# I. СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Од вкупниот број набљудувани судски рочишта (780), дури 95,4 % се однесуваат на рочишта поврзани со семејно насилство, односно вкупно 744 рочишта. Високата застапеност на предметите, односно рочиштата за семејно насилство во вкупниот број на набљудувани рочишта за насилство врз жени соодветствува со реалната висока застапеност на семејното насилство во однос на другите форми на насилство врз жените. Од овие 744 рочишта, 74,7 % се рочишта за кои се водела кривична постапка за семејно насилство, односно вкупно 556 кривични рочишта. Останатите 188 рочишта, односно 25,3 % отпаѓаат на граѓански рочишта за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.




*Графикон бр. 2: Број на рочишта за семејно насилство според видот*

## А. КРИВИЧНИ РОЧИШТА СПОРЕД ОСНОВНИОТ СУД КАДЕ ШТО БИЛЕ НАБЉУДУВАНИ

Од вкупниот број кривични рочишта за семејно насилство (графикон бр. 3) може да се забележи дека најголем дел, односно 373 рочишта (67 %), се воделе пред Основниот суд Скопје 1, Скопје. По него следи судот во Куманово, каде биле спроведени 92 рочишта, односно 16,5 % од вкупниот број на кривични рочишта за семејно насилство. Во останатите десет судови бројот на реализирани кривични рочишта за семејно насилство е минорен и тој се движи од едно набљудувано рочиште во основните судови во Тетово и Прилеп, до 23 рочишта набљудувани во основниот суд во Битола. Важно е да се напомене дека високата концентрација на кривични рочишта во Основниот суд во Скопје 1, Скопје се должи, пред сè, на фактот дека овој суд е со најголем обем на кривични предмети во работата, за разлика од другите судови. Од друга страна, пак, загрижува податокот за исклучително ниският број на кривични рочишта за семејно насилство во другите судови. Оттука, постои потреба подетално да се истражат причините за ваквата состојба, а при тоа да се земе предвид постапувањето на институциите во иницирањето на кривична постапка за дела поврзани со семејно насилство.




*Графикон бр. 3: Број на кривични рочишта за семејно насилство според основниот суд*

## Број на кривични рочишта според видот на кривичното дело

Од вкупниот број на кривични рочишта за семејно насилство, најзастапено е кривичното дело телесна повреда (59,6 %) со 328 рочишта, по што следи делото загрозување на сигурноста со 110 рочишта (20 %) и делото тешка телесна повреда со 62 рочишта (11,2 %). Иако кривичното дело убиство при семејно насилство е најмалку застапено во вкупниот број на рочишта (7 %), секако значајно е да се напомене дека станува збор за најтешкото кривичното дело каде постои смртна последица како резултат на сторено семејно насилство. Рочиштата за убиство при семејно насилство биле водени за вкупно 19 предмети за ова кривично дело.




*Графикон бр. 4: Број на кривични рочишта според видот на кривичното дело*

## Кривични рочишта според видот на постапката

Од 556 набљудувани рочишта, 233 биле спроведени во редовна постапка, 241 рочиште во скратена постапка, а пак 28 рочишта се одржале во постапка за издавање на казнен налог. За 54 рочишта нема податок. Можеме да заклучиме дека скоро е приближен бројот на рочиштата за семејно насилство што биле водени во редовна и во скратена постапка. Имено, за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до 5 години се води скратена постапка, а пак за оние кривични дела за кои е предвидена казна затвор над 5 години или доживотен затвор се води редовна постапка. Оттука можеме да констатираме дека скоро во подеднаков број биле застапени рочиштата за условно „полесните кривични дела“ и рочиштата за „потешките кривични дела“ во однос на семејното насилство. Иако во незначилителен број, сепак загрижува податокот за 28 одржани рочишта во постапка за издавање на казнен налог во врска со семејно насилство. Ваквото постапување на судиите, односно прифаќање на предлогот на јавниот обвинител и издавање на казнен налог од страна на судијата поединец, резултира со поблаго казнување што е во спротивност со построгата казнена политика на државата за делата поврзани со семејно насилство. Имено, во овие постапки првостепениот суд нема овластување да изрече ефективна затворска казна за сторителите на семејно насилство (графикон бр. 5).




*Графикон бр. 5: Број на рочишта според видот на постапката*

## Причини за одлагање на судските рочишта

Една третина (30,4 %) од вкупниот број на кривичните рочишта не биле одложени. Во останатите 387 рочишта, судењето било одложено како резулат на повеќе причини (графикон бр. 6). Најчеста причина за одлагање на судските рочишта е отсуството на обвинетиот. По отсуството на обвинетиот, најчеста причина е отсуството на оштетената (17 %), и отсуството на основниот јавен обвинител (14,5 %). Отсуството на обвинетиот на судските рочишта, а оттука и одлагањето на судскиот процес, сметаме дека во најголем број случаи се должи на обидите

на обвинетиот да ја одолговлекува постапката и да биде недостапен за судските органи со што би ја избегнал својата кривична одговорност. Втора по ред причина за одлагање на рочиштата е неприсуството на оштетената, што во најголем број случаи се должи на присутниот страв и можноста од нејзина повторна виктимизација на рочиштето. Постојат и други причини поради кои оштетената отсуствува на рочиштата, како што се неуредна достава или пак губење на интересот за понатамошно водење на кривичната постапка. Загрижуваат и податоците за тоа дека во подеднаква мера како и оштетената, судските рочишта биле одложувани поради неприсуството на јавниот обвинител. Сметаме дека ваквото постапување, односно „непостапување“ на јавното обвинителство е недопустливо и тоа може да биде оправдано единствено доколку е резултат на малиот број на јавни обвинители во одредени обвинителства или пак поради неможноста да бидат заменети со свои колеги на главната расправа.




*Графикон бр. 6: Причини за одлагање на судските рочишта*

## Отсуство од кривичното рочиште

Според податоците од графиконот бр. 7 може да се констатира дека од вкупниот број на рочишта (556), во 204 рочишта, односно 36,6 %, сите странки во постапката биле присутни, а пак на останатите 352 рочишта, не присуствувале едно или повеќе странки во постапката. Најчесто отсуствувал обвинетиот, 46,6 %, потоа следи отсуството на жртвата, 28,1 %, и отсуството на јавниот обвинител, 18,1 %. Најмалку отсуствувале сведоците, 10,8 %, потоа бранителот, 6,25 %, вештакот, 2,5 % и полномошникот, 1,9 %. Овие податоци во голема мера корелираат со претходните податоци во однос на тоа кои се причините за одлагање на рочиштата (графикон бр. 6), каде што повторно се потврдува податокот дека најчесто на рочиштето отсуствува обвинетото лице.




*Графикон бр. 7: Лица што отсуствувале на рочиштето*

## Читање на исказот на оштетената на главната расправа

Од добиените податоци за 186 рочишта, може да се констатира дека исклучително се ретки случаите кога претходно дадениот исказ на жртвата бил прочитан на главната расправа. Имено, на 176 рочишта изјавата на жртвата не била прочитана и жртвата морала да го повтори својот исказ на главната расправа. Давањето на исказ на жртвата на главната расправа произлегува од суштински изменетиот принцип на утврдување на вистината од материјална во процесна утврден во новиот Закон за кривична постапка. Па така, досегашниот принцип на материјална вистина, кој подразбираше должност на судот да изведува докази, сега е сменет со новиот принцип на процесна вистина, што подразбира предлагање и изведување на оние докази што странките (јавниот обвинител и оштетената, односно жената што претрпела семејно насилство) ќе ги докажат во текот на главната расправа. Во останатите десет рочишта изјавата на жртвата била прочитана на главната расправа, но не со цел да се спречи нејзина понатамошна ревиктимизација, туку поради тоа што жртвата била недостапна поради нејзината нарушена здравствена состојба или била почината.

## Доказни средства што биле изведени на главната расправа

Во текот на рочиштата, за кои располагаме со податоци, најчесто се изведени материјалните докази (207). По нив следи исказот на странките инволвирани во постапката, односно исказот на оштетената (115 пати), а пота е исказот на сведоците (105 пати) и  исказот на обвинетиот (77 пати).




*Графикон бр. 8: Доказни средства изведени на главната расправа*

## Видови на материјални докази изведени на главната расправа

Од добиените податоци може да се констатира дека повеќе видови на материјални докази биле изведени на главната расправа, меѓу кои: записник за прием на кривичната пријава, извештаи од специјалисти, медицински потврди/документација, фотодокументација, потврда за привремено одземање на предмети, извештај од меѓуопштински центар за социјална работа, извршено испитување за алкохолизам, отпусни листи, извод од казнена евиденција за сторителот, извод од кримевиденција, изкази на оштетената, поплаки до сектори за внатрешни работи, предупредувања до обвинетиот, пресуда од граѓански суд, пресуда на основен суд, пресуда на апелационен суд, искази на други сведоци, пиштол, куршум, чаури, посмртница и слично. Од добиените податоци за 88 рочишта, најчесто изведувани материјални докази, односно документација, се оние прибавени од Министерството за внатрешни работи (71), како и доказите поврзани со медицинска документација (45). Во помала мера биле изведени материјалните докази прибавени од центарот за социјална работа, односно 23 пати, изводите од казнената евиденција, 14 пати и изводи од кривичната евиденција, 8 пати. Добиените податоци укажуваат на постоење на сериозни дејства на семејно насилство, кои резултирале со последици по физичкото и менталното здравје на жените што претрпеле семејно насилство, но и на клучната улога на полицијата во правилно квалификување и понатамошно процесуирање на предметите за семејно насилство.

## Вкрстено испрашување на оштетената - жртвата

Во однос на поставеното прашање дали обвинетиот и неговиот бранител вкрстено ја испрашале жртвата на насилство, набљудувачите обезбедиле податоци за 155 рочишта. Од овие рочишта, во 64,6 % жртвата била вкрстено испрашана од страна на обвинетиот и неговиот бранител. Вкрстеното испрашување на жртвата може да предизвика повторна виктимизација, која пак може да резултира со повлекување на предлогот за кривично гонење кога станува збор за кривичното дело телесна повреда или пак недавање/менување на исказот на жртвата за стореното семејно насилство. Дел од дилемите поврзани со целисходноста од вкрстеното испрашување се должат на фактот дека кај нас сè уште не постои соодветна судска практика во однос на вкрстеното испрашување, па отттука дефинираната улога на судијата единствено се сведува на пасивен арбитер во постапката. Вкрстеното испрашување и неговата правилна примена од страна на јавниот обвинител и одбраната треба да бидат подетално анализирани во иднина.

## Признание на вина во постапката за донесување на пресуда врз основа на спогодбата на јавниот обвинител и осомничениот

Еден од аспектите што беше набљудуван е постоењето на постапки во кои јавниот обвинител може да предложи спогодба со признание на вина од сторителот дека го сторил семејното насилство, како и елементите на информираност и доброволност кај осомничениот при давањето на признанието. Имено, добиените податоците од 42 рочишта покажуваат дека во 39 судијата го проверил признанието на вина, односно сите обележја на кривичното дело и фактичкиот опис на настанот. Во 31 рочиште судијата поставил прашања за да ја оцени доброволноста на даденото признание и во идентичен број ја проверил свесноста и разбирањето за последиците од даденото признание на вина. Постоењето на можноста за ублажување на казната како резултат на склучување на ваква спогодба ја оправдува потребата од континуирано следење и анализирање.

## Права на оштетената - жртвата во кривичната постапка

Еден од поважните аспектите во заштитата на оштетената во постапките за семејно насилство е нејзината информираност за правата во постапката. Од добиените податоци за 151 рочиште, во 95,3 %, односно во 144 од нив оштетената била поучена за правото да не одговара на одделни прашања во кривичната постапка, наспроти 7 рочиштата каде што таа не била поучена за ваквото нејзино право (графички приказ бр. 1).




*Графички приказ бр. 1: Поука за жртвата да не одговара за одделни прашања*

Воедно, од добиените податоци за 112 рочишта, во 100 од нив, односно во 89,3 % жртвата била известена и добила правна поука за нејзиното право да поставува прашања, да предлага докази, да изнесува забелешки и да разгледува списи (графички приказ бр.2).




*Графички приказ бр. 2: Оштетената - жртвата е поучена за правата да поставува прашања, да предлага материјални докази и сл.*

Законот за кривична постапка предвидува можност жртвата во својство на загрозен сведок да го ускрати давањето на исказ согласно со условите за заштита на определени сведоци, доколку постои веројатност дека со тоа би се изложила себеси или некое блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или по физичкиот интегритет.

Во оваа насока беше анализирано постапувањето на судиите, односно преземањето на дејства за заштита на жртвата во ваков случај. Од вкупниот број расположливи податоци за постоење на вакво дејство (24 рочишта), во 21 рочиште не биле преземени дејства за заштита. Ваквото постапување не придонесува кон охрабрување на оштетената да сведочи и да даде квалитен исказ, особено доколку во случаите на семејно насилство се има во предвид дека нејзиниот исказ е единствениот доказ за насилството. За жал, според досегашната судска практика, единствено во исклучителни случаи судот ги применува дејствата за заштита на жртвата доколку таа го ускратила давањето на сопствениот исказ од оправдани причини.

**Кога зборуваме за правото на жртвата да одбие да даде исказ во присуство на обвинетиот,** во 12 од вкупно 13 рочишта во кои таа одбила да даде исказ, обвинетиот не бил привремено отстранет од судницата. Иако станува збор за мал број рочишта, сепак овој податок укажува на постоење на несензитивност на судиите во постапувањето и заштитата на правата на жртвата во текот на постапката. Недозволувањето жртвата да даде исказ без присуство на обвинетиот директно придонесува кон нејзина ревиктимизација во постапката.

И во однос на **правото на остварување на имотноправно побарување** од расположливите податоци за 173 рочишта, предлог за остварување на имотноправно побарување е поднесен од страна на 28 оштетени. За ова право генерално постои висока информираност кај оштетената, односно во 112 од вкупно 113 рочишта била информирана од страна на јавниот обвинител. Ваквата законска обврска за информирање на оштетената - жртвата е предвидена за сите учесници во кривичната постапка, посебно за јавниот обвинител, кој е должен конкретно да ја информира жртвата за ваквата законска можност.

## Должина на кривичните постапки за семејно насилство

Во однос на аспектите на ефикасно водење на кривичната постапка, важно е да се напомене податокот за времето што е поминато од отпочнување на постапката па сѐ до донесување на првостепената пресуда. Имено, во графиконот бр. 9 се наведени дел од завршените постапки и нивното времетраење. Па така од обезбедените податоци за 36 завршени постапки со пресуди, во период до 60 дена биле завршени 17 постапки, од 61 до 90 дена биле завршени 9 постапки, а пак во период подолг од 90 дена биле завршени останатите 10 постапки. Иако должината на постапките во голема мера е детерминирана од тежината на кривичното дело, сепак добиените податоци укажуваат на тоа дека судските постапки не биле долготрајни и не биле непотребно одлагани со што се потврдува доследната примена на правото на судење во разумен рок.




*Графикон бр. 9: Должина на кривичните постапки за семејно насилство*

## Изречени пресуди

Од вкупниот број кривични предмети за семејно насилство (234), 104 предмети добиле судски епилог.

| КРИВИЧНО ДЕЛО | БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ | БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ ВО КОИ Е ДОНЕСЕНА ПРЕСУДА |
|---|---|---|
| Убиство | 19 | 6 |
| Телесна повреда | 134 | 54 |
| Тешка телесна повреда | 13 | 7 |
| Противправно лишување од слобода | 1 | 0 |
| Загрозување на сигурноста | 63 | 37 |
| ВКУПНО | 234 | 104 |

*Табела бр. 1: Број на предмети во кои е донесена пресуда наспроти број на предмети за семејно насилство според кривични дела*

**За кривичното дело убиство** сторено при вршење на семејно насилство, од 19 кривични предмети, судот донел пресуда во 6 предмети, од кои во четири од нив е донесена осудителна пресуда со казна затвор, а пак во два нема податоци за видот на пресудата.

**За кривичното дело телесна повреда** сторено како резултат на семејно насилство се донесени вкупно 54 пресуди. Од нив 46 се осудителни, во два предмети е изречена судска опомена, а пак во шест нема податоци за видот на пресудата. Иако се изречени осудителни пресуди, односно е утврдено вина кај сторителот на семејно насилство, особено загрижувачки е видот на осудителната пресуда што била донесена. Од вкупно 46 осудителни пресуди, во дури 35 предмети е донесена условна осуда, во еден предмет е изречена парична казна, додека само во 10 предмети се изречени предвидените затворски казни за сторителите на семејно насилство.

**За кривичното дело тешка телесна повреда** се донесени 7 пресуди, од кои 6 осудителни пресуди. Аларамантна е ситуацијата со видот на осудителната пресуда, доколку се земе предвид дека за оваа сериозна форма на семејно насилство се изречени дури 5 условни осуди, односно само во еден предмет е изречена предвидената затворска казна. Дотолку повеќе што во еден предмет е донесена ослободителна пресуда.

**За кривичното дело загрозување на сигурноста** сторено како резултат на семејно насилство се донесени вкупно 37 пресуди. Трендот на минимизирање на семејното насилство и благо казнување на насилниците е присутен и во овие донесени пресуди. Имено, од вкупно 32 осудителни пресуди каде што е утврдена вина кај сторителите на семејно насилство, дури 25 се условни осуди, за еден предмет е изречена парична казна, додека само во шест предмети се изречени предвидените затворски казни. Освен тоа, изречена е една одбивателна пресуда и две ослободителни пресуди.

Со изрекувањето на поблаги казни за сторителите на семејно насилство, судиите го минимизираат овој проблем и не придонесуваат за намалување на стапката на семејно насилство во нашето општество. Во ситуација кога законодавецот го издвојува семејното насилство како посебен вид на криминал и предвидува построги затворски казни за сторителите, судиите изрекуваат далеку поблаги казни од предвидените затворски казни за кривичните предмети од ваков вид. Со ваквата практика судиите не придонесуваат за остварување на целите на казнувањето на сторителите на семејно насилство, односно ниту соодветно ги санкционираат насилниците, ниту пак вршат влијание врз целокупната јавност во однос на сериозноста на кривичните дела поврзани со семејно насилство. Во крајна линија ова директно ги обесхрабрува жртвите на семејно насилство да го пријават насилството и да побараат помош и поддршка.

## Б. ГРАЃАНСКИ СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Со процесот на судско набљудување беа собрани податоци за 104 граѓански судски предмети, односно 188 судски рочишта за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.




*Графикон бр. 10: Број на граѓански рочишта за семејно насилство според основниот суд*

Најголем број судски рочишта се одржале пред Основен суд Скопје 2, односно 117 судски рочишта за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Потоа следуваат: Основен суд Радовиш (47), Струмица (12), Тетово (11) и Велес (1). Како што веќе беше претходно наведено во методолошките ограничувања, поради

кратките рокови за закажување на овие судски постапки, набљудувачите не беа навремено информирани за закажаните рочишта во сите судови што беа опфатени со процесот. Сепак, споредбено со кривичните постапки за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство, бројот на граѓанските судски постапки за заштита од семејно насилство е значително помал. Оттука постои потреба за поголемо промовирање на овие постапки како превентивен механизам во однос на семејното насилство помеѓу судовите, но и другите институции што се вклучени во подготовката на предлозите, како и во следењето и спроведувањето на изречените привремени мерки за заштита.

При иницирањето на судската постапка, предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита во најголемиот број предмети (104) бил уредно доставен во граѓанските судови.

## Подносител на предлогот до судот

Најголемиот број поднесени предлози за изрекување на привремени мерки за заштита се подготвени од страна на центарот за социјална работа, односно скоро две третини од поднесените предлози. Во десет предмети полицијата поднела предлог за изрекување на мерката од итен карактер „отстранување од домот и забрана за приближување до домот". Нискиот број на предлози поднесени од страна на полицијата е констатиран и од страна на судиите за време на форумите, при што беше нагласена потребата за едукација на полициските службеници за начинот на подготовка на предлогот во случаите на семејно насилство.




*Графикон бр. 11: Подносител на предлогот*

Предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита бил поднесен лично од страна на лицето што претрпело семејно насилство во секој четврти предмет, односно во 27 предмети. Притоа, во 17 предмети предлогот бил поднесен од страна на брачен, вонбрачен или поранешен брачен другар, во четири предмети предлогот бил поднесен од родител, во пет предмети од страна на дете и во еден предмет предлогот го поднел друг член на семејството. Во најнеповолна положба се наоѓаат жените што претрпеле семејно насилство и кои самите ги иницираат постапките од ваков вид, со оглед на тоа дека им се потребни финансиски средства за судските такси и за изведување на доказите (вештачења) што не се во можност да ги обезбедат, и што може да резултира со нивно повлекување од судската постапка. Оваа констатација беше потврдена за време на дискусиите во форумите, при што судиите нагласија дека во голема мера предлозите што се поднесуваат лично се несоодветно подготвени.




*Графикон бр. 12: Против кого е поднесен предлогот*

Во однос на тоа против кого бил поднесен предлогот, во најголемиот број случаи предлогот бил поднесен против брачен или вонбрачен, односно поранешен брачен другар. Евидентно е зголемувањето на бројот на поднесени предлози против децата од страна на родителите, односно во дури 29 од случаите од судот било побарано да изрече привремена мерка за заштита кон децата.

## Вид на семејно насилство

Податоците во однос на видот на насилство укажуваат на тоа дека жените најчесто бараат изрекување на привремени мерки за заштита поради претрпено комбинирано физичко и психичко насилство. Не беа забележани случаи каде што судската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита била иницирана поради претрпено сексуално насилство.

## Времетраење на постапката

Граѓанската судска постапка за изрекување на привремените мерки за заштита е итна постапка со кратки законски рокови за нејзино извршување и брзината на постапувањето и времетраењето на постапката се клучни за ефективна заштита на жените што претрпеле семејно насилство. Во оваа насока, времетраењето на постапката беше анализирано низ неколку критериуми: дали е испочитуван законскиот рок за закажување на првото рочиште; колку судски рочишта се одржале во просек за секој од предметите; дали имало одлагање на судските рочишта.

Во однос на првиот критериум, утврдено е дека иако станува збор за итна постапка за која треба да биде закажано рочиште во рок од седум дена по поднесувањето на предлогот, во практиката во 57,7 % од случаите судовите го испочитувале законскиот рок.

Во однос на бројот на судски рочишта, во секој четврти предмет од ваков вид судовите одржале три или повеќе рочишта пред донесувањето на одлуката.

Во однос на одлагањето на судските рочишта, утврдено е дека во 39 % од случаите имало одлагање на рочиштата и закажување на дополнително рочиште. (Види графички приказ бр.3).




*Графички приказ бр. 3: Одложување на рочиштето*

Причината за одложувањето во најголемиот број од случаите е поради неуредна достава, односно отсуство на насилникот или самата жртва во постапката. Други причини поради кои имало одложување на постапката е изведувањето на докази и немањето на повратен одговор од страна на надлежните институции, како што се здравствените установи, центрите за социјална работа и полицијата. Значајно е да се напомене дека одложувањето на судската постапка резултира во неефикасна правна заштита за жртвите на семејно насилство, односно се зголемуваат можностите за повлекување на жените од судските постапки и повторување на насилството.

## Изречени привремените мерки за заштита

Во најголемиот број од случаите предлогот бил усвоен во целост, односно судот ги изрекол предложените привремени мерки за заштита. Загрижува тоа што во шест случаи предлогот бил одбиен во целост од страна на судот.




*Графички приказ бр. 4: Усвојување на предлогот за ПМЗ од страна на судот*

Во најголемиот број случаи судовите ги имаат изречено привремените мерки за заштита кои имаат забранувачки карактер, како што се: забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство (70) и забрана да малтретира, вознемирува, телефонира или на друг начин да комуницира со член на семејството (65). По нив следат задолжително лекување за насилниците што биле корисници на алкохол и други психотропни супстанции и оние со душевни заболувања (34), како и забраната за приближување до живеалиштето, училиштето, работното место или друго определено место (28).  Види графикон бр.13.




*Графикон бр. 13: Изречени привремените мерки за заштита*

Основните граѓански судови најчесто ги изрекуваат привремените мерки за заштита за период од 12 месеци (36 предмети),  односно за период од шест месеци (32 предмети). Во десет од предметите мерките биле изречени за период до 30 дена. Притоа, не беа забележани судски постапки каде што имало менување или продолжување, односно укинување на изречените привремени мерки за заштита.




*Графикон бр. 14: Временски период за кој се изречени ПМЗ*

## Спроведување на изречените привремени мерки за заштита

По изрекувањето на привремените мерки за заштита, за обезбедување на ефективна заштита на жените што претрпеле семејно насилство клучно е нивното спроведување. Во оваа насока особено загрижува тоа што основните граѓански судови немаат повратни информации од надлежните институции што се задолжени да ги следат и да ги спроведуваат изречените привремени мерки за заштита. Доколку се земе предвид дека ефективната заштита на жените што претрпеле семејно насилство е условена од начинот на спроведување на изречените привремени мерки за заштита, тогаш неопходно е да се воспостави механизам за соодветно следење на мерките и координирање на активностите на судовите и другите надлежни институции.




*Графички приказ бр. 5: Побарано известување за спроведување на ПМЗ*




*Графички приказ бр. 6: Известување до судот за извршување на ПМЗ*

# II. ТРГОВИЈА СО ЖЕНИ

Предметите за делата трговија со луѓе беа набљудувани во рамки на одделот за организиран криминал во рамките на Основниот суд Скопје 1, кој претставува специјален оддел за предмети поврзани со организиран криминал. Процесот на судско набљудување опфати вкупно осум предмети за трговија  со луѓе, односно 36 рочишта. Од овие 8 предмети, еден се однесува на кривичното дело трговија со дете (член 418-г од Кривичниот законик), додека другите седум предмети се однесуваат на кривичното дело трговија со луѓе (член 418-а). Значајно е да се напомене дека во осумте предмети за трговија со луѓе, оштетената странка, односно жртва е лице од женски пол. Во осумте предмети биле обвинети 13 лица, при што во пет предмети биле обвинети по едно лице, во два предмети биле обвинети по две лица, а пак во еден предмет биле обвинети 4 лица. Обвинетите лица се подеднакво од албанска и од ромска националност, во најголем број претходно осудувани лица.

Во периодот на следење на овие судски предмети, набљудувачите набљудувале два предмети со по едно, два со четири рочишта, еден со две рочишта и три предмети со по осум рочишта. sНа петнаесет од рочиштата за делата трговија со луѓе, сите странки биле присутни. На останатите 21 рочиште не присуствувале едно или повеќе странки во постапката. Најчести се отсуствата на обвинетиот, кој не присуствувал на десет рочишта, потоа на јавниот обвинител, кој отсуствувал на 6 рочишта. По нив следи оштетената - жртвата, која отсуствувала на пет рочишта, бранителот, кој отсуствувал на три рочишта и сведокот, кој отсуствувал на едно рочиште. Од добиените податоци за одлагање на постапките во 18 рочишта, најчеста причина за одлагањето е отсуството на обвинетиот, односно на девет рочишта, по што следи отсуството на јавниот обвинител (на три рочишта), па потоа бранителот и оштетената (на по две рочишта). На 18 рочишта поради обезбедување на присуството на обвинетиот, била изречена мерката притвор.

Од добиените податоци за 11 рочишта, само на едно од нив бил прочитан исказот на жртвата бидејќи таа не била достапна. Овој податок укажува на постоење на несоодветна судска практика и во делата за трговија со луѓе. Имено, судот наместо да овозможи читање на исказот што жртвата на трговија го дала во претходна постапка, тој бара таа да го повтори својот исказ повторно на главната расправа соочувајќи се со обвинетите и нивните соработници.

Од осумте набљудувани предмети за трговија со жени, судска разрешница добиле четири предмети, а пак останатите четири сè уште биле во тек. Во четирите завршени постапки судот изрекол четири осудителни пресуди од кои три за делото трговија со луѓе и една осудителна пресуда  за делото трговија со дете. Имено, трите осудителни пресуди се со досудена казна затвор, додека пак една е со изречена условна осуда. Во предметот за трговија со жени, во кој  е изречена условна осуда, биле обвинети 4 лица. Имено, станува забор на специфичен облик на трговија со луѓе, односно посредување во склучување на договорен брак во ромско семејство. Имајќи го предвид фактот дека станува збор за традиционални штетни практики кај Ромите, односно посредување поради склучување на договорен брак на своите деца, а при тоа имајќи ја предвид тешката социоекономска состојба на семејството, судијата донел одлука четирите обвинети лица да бидат условно казнети. Ова дотолку повеќе и поради фактот што странките во постапката, вклучувајќи го и обвинителот, биле согласни со таквата пресуда.

Во ниту еден од предметите со осудителна пресуда судот не одлучил за одземање на имотна корист од сторителот, ниту пак изрекол мерки за проширена конфискација на имотот. За само два од предметите има податоци што потврдуваат дека до започнувањето на главната расправа е поднесен предлог за остварување на имотноправното барање.

# ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДСКОТО НАБЉУДУВАЊЕ И СУДСКАТА ЗАШТИТА ВО ПРЕДМЕТИ ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

## *(Семејно насилство)*

> Постои потреба од унапредување на системот за водење на евиденција во судовите, како и подобрување на техничките можности на системот АКМИС за пребарување на предмет за насилство врз жени.

> Причините за нискиот број на иницирани кривични постапки во одделни основни судови треба да бидат анализирани во корелација со постапувањето на полицијата и јавното обвинителство при откривањето и поведувањето на кривични постапки во врска со кривичните дела при семејно насилство.

> Преземање на итни акции за превенирање на семејното насилство, меѓу кои и промовирање на граѓанската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство меѓу стручните лица во институциите како превентивен механизам во однос на семејното насилство. Превенцијата е особено потребна имајќи го предвид високиот број на предмети за делото убиство при семејно насилство.

> Постои потреба од постојано следење на судските постапки за издавање на казнен налог, нивната целисходност и оправданост, особено ако се има предвид дека во овие постапки судијата не може да изрече ефективна казна затвор за сторителите на семејно насилство.

> Постои потреба од постојано следење на предлозите на јавниот обвинител за водење на постапка за донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот. Ова особено поради фактот што при постигнувањето на спогодбата за кривичната санкција клучна улога имаат јавниот обвинител и осомничениот, но не и оштетената - жртвата.

> Потребно е да се разгледаат сите можности за избегнување на повторна виктимизација на жртвата во судската постапка. Судското набљудување идентификуваше неколку аспекти кои придонесуваат кон ревиктимизирање на жртвата и тоа: претходно даден исказ на жртвата повторно се изведува на главна расправа; неможност жртвата да даде исказ без присуство на обвинетиот; судот не презема дејства за заштита на жртвата во својство на сведок, доколку таа го ускрати давањето на исказ и примена на вкрстено испрашување).

> Потребна е обука на судиите за нивна сензитивизација заради подобрување на постапувањето и заштитата на правата на жртвите во текот на постапката.

> Да се истражат причините за неприсуството на оштетената на судските рочишта кое води кон одолговлекување на постапката. Воедно, да се истражат причините поради кои јавниот обвинител во подеднаква мера како и оштетената не присуствувал на судските рочишта.

> Неопходно е изрекување на предвидените затворски казни за кривичните дела сторени како резултат на семејно насилство. Казнената политика треба да се спроведува на начин што кривичноправната санкција треба да биде сразмерна на тежината и околностите под кои се случило семејното насилство, земајќи ја предвид специјалната и генералната превенција. Во најголем дел изречените осудителни казни се условни осуди дури и во делата за тешка телесна повреда при семејно насилство.

> Доследно да се почитуваат законските рокови за изрекување на предложените привремени мерки за заштита од семејно насилство од страна на судиите.

> Неопходно е жените што самите ја иницираат судската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство да бидат ослободени од плаќање на судски такси и трошоци за изведување на докази за да се спречи нивното повлекување од постапката поради немање на финансиски средства.

> Во судовите да се воспостави соодветен механизам за следење на спроведувањето на привремените мерки за заштита и за координирање на активностите со останатите надлежни институции.

## *(Трговија со луѓе)*

> На жртвите на трговија со луѓе да им се овозможи ефективен пристап до правна помош за да си ги реализираат своите права, вклучувајќи го и правото на надомест на штета.

> Да се обезбеди доследно почитување на одредбите од Законот за кривична постапка во однос на ранливите категории на жртви, како што се жртвите на трговија,  со цел да се избегне нивна ревиктимизација.

> Донесување на Закон за државен фонд за обесштетување на жртвите на трговија со луѓе со кој ќе се предвиди остварување на правото на обештетување во случаи кога тоа не може да се наплати од страна на сторителот. Имено, според податоците од судското набљудување, во ниту еден од предметите со осудителна пресуда судот не одлучил за одземање на имотната корист ниту изрекол мерки за конфискација на имотот на сторителот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

364.63-027.553-055.2:340.13(497.7)(047)

ГЕЛЕВСКА, Марија
Наоди од спроведеното судско набљудување на предмети за насилство врз жени / [автори Марија Гелевска, Стојан Мишев]. - Скопје : Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, 2018. - 30 стр. : граф. прикази ; 24 см

Публикацијата е во рамки на проектот: Проект за правна заштита на жените. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4643-06-7
1. Мишев, Стојан [автор]
а) Насилство врз жени - Судска пракса - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 105695498

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ
www.esem.org.mk

ЕСЕ

ПРОЕКТ ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ
WOMEN'S LEGAL PROTECTION PROJECT